

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ИЗДАНИЕ БР.4, МЕСЕЦ АВГУСТ 2018

# ФОНДАЦИЈА "НИКОЛА ЈАНЧЕВ"

Фондацијата “Никола Јанчев“ објави конкурс за стипендии за учениците од основните и средните училишта како и за студенти.

По завршувањето на конкурсот комисија составена од стручни лица од различни области ги разгледа сите пријави и донесе одлука за доделување на 36 стипендии.

Во убава атмосфера во просториите на “Кожувчанка“ беа доделени стипендиите во присуство на Градоначалникот г-дин Митко Јанчев кој воедно е и основач на фондацијата. Присутни беа и директорката и претседателка на фондацијата г-ѓа Јанинка Чупаркоска, потесното семејство Јанчеви и комисијата која ги разгледуваше пријавите.

Доделени се вкупно 36 стипендии од кои 12 на ученици во основните училишта, 12 за ученици во средните училишта и 12 на студенти. Стипендиите за учениците од основните училишта се во износ од 6000 денари, за учениците од средните училишта 12 000 денари и за студентите стипендиите се во износ од 32 000 денари.

Во наредниот период Фондацијата “Никола Јанчев“ има предвидено низа активности од годишниот план за работа.







www.fnj.org.mk

fondacijanikolajancev



Почитувани,

Општина Кавадарци континуирано ги реализира проектите за тековната 2018 година. Во изминатите 9 месеци напорно работевме за да постигнеме резултати кои се видливи и реализации кои значително ја подобрија нашата општина.

Проектот “Мој општинар“ функционира веќе 8 месеци. Граѓаните на Општина Кавадарци секојдневно имаат подобар пристап до општината за пријавување на своите потреби и проблеми. Преку овој проект хортикултурно се озеленети над 30 000 метри квадратни, поставени се над 1100 метални столбчиња кои ја зголемија безбедноста на пешаците и го регулираат непрописното паркирање. Поставени се детски реквизити на 5 нови локации, а 20 веќе постоечки детски игралишта се реновирани. Во сите реони во Општина Кавадарци поставена е нова урбана опрема на локации каде што граѓаните имаа потреба од истите. Над 20 диви депонии низ територијата на Општина Кавадарци се целосно исчистени во соработка со ЈП Комуналец и фирми од приватниот сектор кои ги отстапија своите машини за потребите на општината. Спроведовме акција “За чисто и убаво Кавадарци“ која се уште трае а во неа се вклучени волонтери кои со љубов и многу труд работеа за својата општина. Над 300 бесправно поставени лимени гаражи се отстранети а на истите локации е извршено хортикултурно уредување. Неколку објекти кои со години не беа во функција се реновирани во селата во Општина Кавадарци. Сите овие активности сведочат за функционалноста на проектот “Мој општинар“.

Континуирано беа поставени нови семафори на ул.“Никола Минчев“, се изгради нов кружен тек на ул.“Блажо Алексов“, се пушти во употреба новата концертна сала, свечено беше отворена и новата детска градинкка“ Буба Мара“. Во сферата на комуналната изградба до сега се асфалтирани над 15 000 метри квадратни и поплочени се над 20 000 метри квадратни. Овие и уште многу други активности го водат Кавадарци кон скалилата на успешна и подобра општина за сите нас.

Со почит,

Градоначалник
М-р Митко Јанчев

# ТЕКОВНИ РАБОТИ



## Нова механизација во ЈП “Комуналец“

Кавадаречки “Комуналец” обезбеди нови машини. За прв пат е обезбедена машина за автоматско обележување на сообраќајна сигнализација и сигнализација за паркирање, вредна околу 20 илјади евра. Претходно, обележувањето беше преку тендерска постапка. Сега таа работа за општината, ќе ја изведува ова претпријатие. Целта  е поголема функционалност во работењето, граѓаните да добијат навремена и поквалитетна услуга. Вкупната инвестиција која е за нова механизација, изнесува околу 350 илјади евра. Обезбедено е и уште едно друго возило, кипер со товарен дел, за пофункционално извршување на работите, кое чини околу 30 илјади евра.

## Детско игралиште во с.Возарци

Преку проектот “Мој општинар“ и по барање на жителите на с.Возарци поставени се детски реквизити. Со оваа реализација се создаде простор во кој децата ќе можат безбедно да го поминуваат времето во природа.
Поставени се детски реквизити  и во новото забавно игралиште кое се наоѓа во Паркот на Револуцијата наспроти полицијата.
Со овој нов детски забавен парк општината обезбеди уште едно катче за забава на децата од Кавадрци и тоа на локација која е една од најпосетените за одмор на граѓаните.





## Реконструкција на тротоари

Реконструкција на дел од тротоарот на ул. „Димката Ангелов-Габерот“ во Кавадарци. Се изврши поплочување со павер елементи на површина од 450м2.

На потегот од спојот со ул. „Партизанска“ кај „Кулата“ па до спојот со ул. „Блажо Алексов“ се врши расчистување,тампонирање и поставување на павер елементи со што се оформува тротоар.Вкупната површина на тротоарот која ќе биде поплочена изнесува 460м2.



## Поплочување на улици

Поплочен е дел од ул. „Боро Ваташки“ зад црквата во село Ваташа. Станува збор за проект на општината Кавадарци, реализиран на барање на жителите од овој дел, со кој се полочиа дополнителни 200м2 од оваа улица. Поплочени се две улици во селото Марена со вкупна површина од 485м2. Согласно програмата со павер елементи беше поплочен крак од улицата „12 Другари“. Се работи за површина од 160м2, веднаш до службените простории на ФК „Габер“ во Ваташа. Притоа за формирање на контурите на улицата се поставија и ивичници во должина од 30 метри.







## Асфалтирање на улици

Општина Кавадарци го реализира проектот за изградба на спој на ул. „Желков дол“ со улицата „Фуштани“, поставувен е асфалт на површина од 605 метри квадратни,.

Реконструирана уштре една витална улица.Поставена е нова асфалтна маса во должина од околу 300 метри на ул.„Јован Планински“. Работите стартуваа со гребењето на старата и дотраена асфалтна подлога при што беа отстранети 1.700м2 оштетен асфалт. Асфалтирана е и ул. „Струшка“ со целосно нов слој на површина од 1340м2. Нов слој асфалт доби и делница од ул.“Дисанска“ на површина од 1350 м 2.

Извршено е поставување на нова асфалтна подлога на дел од ул. „Рајко Жинзифов“ на површина од 1500м2 и тоа на делот од спојот со улица „Шишка“ во должина од 260 метри. Се асфалтира и дел од ул. „Владимир Назор“.

Согласно проектот се асфалтира површина од 950м2.











## Волонтери во акцијата “За убаво и чисто Кавадарци“



Општина Кавадарци продолжува со реализација на проектот „ За убаво и чисто Кавадарци“ со кој се ангажирани дваесеттина волонтери за извршување на работи околу расчистувањето на дел од јавно прометните површини. Акцентот е ставен на расчистувањето и кастрењето на обраснатата вегетација во функција на разубавување на градот. Од втори јули општината ангажираше нови 12 волонтери кои ќе бидат ангажирани во наредните 22 работни денови. Согласно програмата тие работеа на расчистување на локациците: позади зградите на булеварот „Кочо Рацин“, на улиците „Клинска“ и „Методи Џунов-Џико“. Работат и на комплексот улици „Охридска’ како и на булеварот „Никола Минчев“ од семафорите до спојот со „Северен булевар“.

Претходно ангажираните волонтери кои беа ангажирани на разубавување на Спомен паркот 12 Младинци на Моклиште, деновиве се на локации во Градскиот парк каде оваа и наредната недела ќе работат на разубавување на паркот.

## Ревитализација на СЦ Јасмин

Се ревитализира дел од СЦ Јасмин. Се работи на обновување на атлетската патека. На западната страна ќе се изврши проширување на патеката и нејзино продолжување за да се оформи патека за трка на 100 метри. Паралелно се врши и реконструкција на јавното осветлување. На постоечките 14 канделабри се поставуваат нови ЛЕД светилки со што ќе се подобри осветлувањето.

Поради проширување на атлетската патека на западната страна од теренот се изврши поместување на 4 канделабри за 70 сантиметри кон оградата.

Патеката од внатрешната и надворешната страна ќе биде оградена со нови ивичници во вкупна должина од 845 метри. Во тек е поставувањето на ивичниците кои треба да ја оформат новата контура на атлетската патека.





## Крпење на ударни дупки

Започна постапка на отворање на дупките при што се гребе оштететниот асфалт, а на одредени места се отстрануваат гранитните, или бекатон коцките со кои претходно биле „закрпени“ оштетувањата на улиците.

Со оваа кампања ќе бидат опфатени повеќе улици со вкупна површина од 2250м2. Согласно проектот за санирање на ударните дупки, градот е поделен на 10 реони. Во првата фаза се врши гребење на оштетувањата по што ќе следува нивно санирање со асфалт според извршената реонизација.

## Нова атмосферска канализација

Градежните работи се изведуваат на последните 30 метри од целосно новата линија со вкупна должина од 265 метри. Новата линија од атмосферската канализација се гради на потегот од раскрсницата со ул. „Ресавска“ каде се спои со постојната атмосферска канализација, а во правец на ООУ „Тоде Хаџи-Тефов“.

Со реализација на овој проект ќе се зафатат површинските води во овој дел на градот, со што при обилни врнежи ќе се намали количината на дождовна вода која се слева кон центарот. Општината Кавадарци го реализира овој проект со цел подобрување на опфатеноста на градот со атмосферска канализација.





# ИНТЕНЗИВНА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА

Интензивната комунална изградба во Општина Кавадарци според Програмата продолжува и во месец август.



За реализација се предвидени повеќе проекти кои се однесуваат на асфалтирање, поплочување, како и за подигнување на стандардот на живеење во општината.

Планирани се асфалтирања на ул.„Бабуна“, ул. „Орце Николов“, ул. „Шишка“ и ул.„7 ми Септември“ споредна. Нов асфалт ќе добијат и ул. „Доне Попов“, ул. „Брушанска“, како и ул. „Тоде Мајсторчев“.

Општината планира да реализира и проекти со поплочување на тротоар на ул. „Партизанска“, тротоар на бул. „Никола Минчев“, како и на улица „Галишка“.

Со цел подобрување на стандардот на живеење на граѓаните општината ќе го реализира проектот за изградба на пазарче како времен објект на бул. “Никола Минчев“ (спроти УЈП), а месецов ќе треба да финишира и изградбата на паркингот за лимени гаражи на „Северен булевар“.

# НОВА ДЕТСКА ГРАДИНКА "БУБА МАРА"

Општина Кавадарци полека почнува да го решава проблемот со кој се соочуваат жителите на општината, недостигот од капацитет за сместување во детските градинки.

Отворена е нова детска градинка "Буба Мара" која е со капацитет за 75 деца. Објектот беше пуштен во употреба во свечена атмосфера во присуство на Министерката за труд и социјална политика г-ѓа Мила Царовска и Градоначалникот г-дин Митко Јанчев. Директорката на детската градинка г-ѓа Цана Добринова изрази голема благодарност до Министерството за труд и социјална политика , како и до Градоначалникот г-дин Митко Јанчев и Советот на Општина Кавадарци за големата упорност и почетокот на трајно решавање на проблемот со капацитет за згрижување на децата во градинка.











Градоначалникот г-дин Митко Јанчев најави дека во тек се и други проекти кои со нивна реализација трајно би се решил овој проблем.  Доградба на нови простории, целосна изградба на уште една детска градинка се предвидени за наредната година.

Во текот на свечената атмосфера по повод отварањето на новата детска градинка дечињата имаа свој настап со кој создадоа една забавна програма и беа првите кои влегоа во новиот објект и го исполнија со смеа и радост.

Се очекува за неполна година кавадарчани да не се соочуваат со проблемот за згрижување на децата во детските градинки.

ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР 2018
КАВАДАРЦИ
*Приказна под отворено небо!*

Долгогодишното одржување на Тиквешкиот гроздобер претставува една богата традиција која ја отсликува културата на овие простори. Преку гроздоберските денови на уметнички начин се претставува главната дејност во Тиквешијата, одгледувањето на винова лоза и производството на вино и ракија.

Подготовките за Тиквешки Грзодобер 2018 година се веќе готови. Програмата е богата со содржини за сите возрасти. Главната сцена ќе биде поставена на Градскиот плоштад, боемите ќе можат да уживаат на Полицајското паркче, а сабота 8 ми септември е дополнета со трета сцена поставена на Спомен Костурницата. СЦ Јасмин е резервиран за спортските настани и целодневен хепенинг во сабота 8 ми септември.

Круната на Тиквешки Гроздобер, карневалското дефиле го враќа стариот сјај и долгогодишната традица. Ќе создадеме приказна под отворено небо и топлото септемвриско сонце, во недела 9 ти септември со почеток во 13 часот.

Улиците во Кавадарци ќе раскажат една приказна која ја чува традицијата но со современи нишки, со помош на учениците од кавадаречките училишта и гостите од странство.

Кавадарци, овие денови, ќе живее во духот на грозјето. Во овие гроздоберски денови ќе можеме да им покажеме на нашите гости за нашата трудољублива работа и со огромно гостопримство да бидеме добри домаќини а нашите гости да се чувствуваат убаво.

Да создадеме заедно приказна под отворено небо!

**7-ми, 8-ми, 9-ти СЕПТЕМВРИ**

# ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР 2018 КАВАДАРЦИ

## ОФИЦИЈАЛНА ПРОГРАМА НА ГЛАВНА СЦЕНА

### ГРАДСКИ ПЛОШТАД

ONE LOVE TOUR

**07.09 (петок)**

СЛАТКАРИСТИКА
КРИСКО
SAF SOUND SYSTEM
(DJ GOCE & PIKISIPI)
DJ GEORGE

**08.09 (сабота)**

NEXT TIME
ЉУБОЈНА
ЏАМБО АГУШЕВИ ОРКЕСТАР
DJ SANDY RIVERA
DJ MOSSEL

**09.09 (недела)**

СЕСА

# ТЕАТАРОТ ВО




На 27 и 28 јули, кавдаречкиот Театар оствари успешно гостување во Албанија, во Мала Преспа во Пустец со претставата „Ужасите предизвикани од пасивно пушење“ во рамките на „Македонско културно лето 2018“. Оваа манифестација се оддржува по единаесети пат, а на кавадаречкиот Театар ова му беше второ учество. И оваа година како и изминатите 10, учество земаа скоро сите професионални Театри од Македонија. Огромна благодарност до организаторите првично за поканата а потоа и за убавиот прием и гостопримство.

За две до три недели кавдаречкиот Театар почнува со подготовки на детско - младинска претстава „Ромео и Јулија од нашето време„. Улогите за оваа претстава се веќе поделени, се чекаат децата да се вратат од годишните одмори и да се почне со поинтензивни подготовки. Со проектот ќе раководи Микица Илова.

# КАВАДАРЦИ



Во исто време, кон крајот на месец август ќе започнат подготовките за новиот целовечерен Театарски проект на Театарот при Дом на Култура „Иван мазов - Климе“ , „Меѓу два стола“ , текст на Реј Куни а во режија на Диме Коцевски. Со ова ќе се заокружи уште една успешна година на кавдаречкиот Театар, кој сезоната традиционално ја затвара со новогодишна претстава.

Театарот во Кавадарци полека но сигурно чекори кон поуспешни денови и се стреми кон тоа Кавадарци наскоро да добие професионален градски театар кој само ќе ја заокружи богатата културна атмосфера во нашиот град.

Кавадарци е богато со талентирани глумци аматери, кои преку сите одиграни претстави можеме слободно да кажеме дека епитетот аматери полека можеме да го отстраниме. Првата  театарска школа “ Реплика прва“ само сведочи за големиот број талентирани деца за кои се надеваме дека еден ден ќе значат многу за кавадаречкиот театар.



ГФК·ТИКВЕШ
ГРАДСКИ ФУДБАЛСКИ КЛУБ
ТИКВЕШ 1930 - КАВАДАРЦИ

## ПОДГОТОВКИ МАВРОВО 2018 ГОДИНА

Фудбалерите на ГФК „Тиквеш 1930“ деновиве ги завршија подготовките за претстојната натпреварувачка сезона во Маврово. Подготовките траеа 8 дена под раководство на шефот на стручниот штаб Љупчо Димитковски-Гаџо заедно со неговите помошници.

Секретарот на ГФК Тиквеш 1930-Тодор Туриманџов информира дека планираните подготовки поминале во најдобар ред,според програмата и планот на тренерот по кој се водеа подготовките.

Во тимот се приклучи засилување од Босна и Херцеговина, станува збор за досегашниот интернационалец Иван Ивановски кој изминатата полусезона настапуваше за тимот на Звијезда Градачац.

Станува збор за 23-годишен офанзивец кој го краси брзината и техниката. Потекнува од младинските школи на Вардар, а сениорското деби го имаше во тимот на Металург.

Првиот ден од подготовките, фудбалерите го имаа и првиот подготвителен натпревар со екипата на ФК Гостивар кој заврши со резултат 2:2 .Стрелци на постигнатите голови на ГФК Тиквеш беа Сашко Ристов и Игор Ѓорѓиев. Во подготвителниот период се одиграа уште неколку натпревари со екипите на ФК Тетекс, ФК Силекс и ФК Генч Келембер.

Во престојната сезона ГФК Тиквеш влегува со многу позитивна енергија и желба за големи успеси.







## МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР ЗА ЈУНИОРИ И ЈУНИОРКИ ВО ТЕНИС

Во периодот од 18.06. до 24.06.2018 година на тениските терени на Тенискиот клуб Црна Река- Кавадарци се одигра меѓународниот турнир од Календарот на Европската Тениска Асоцијација за јуниори и јуниорки до 16 години Црна Река Опен 2018.

Турнирот беше во  3 категорија.

Учествуваат вкупно 60 тенисери (32 јуниори и 28 јуниорки) од 15 држави и тоа: Бугарија, Србија, Германија, Романија, Грција, Русија, Украина, Литванија, Нов Зеланд, Косово, Шпанија, Велика Британија, Шведска, Швајцарија и Македонија.

Најголем успех од македонските тенисери постигна Ведран Радоњанин кој го освои турнирот во поединечна конкуренција и во конкуренција на двојки.



# ЛИЧНОСТ НА МЕСЕЦОТ

## ВЕСНА ПЕТРЕСКА

Весна Петреска е  родена на 26.06.1989 година во Кавадарци.  Основно образование завршува во ООУ “Тошо Велков- Пепето“ во 2004 година.  Средно образование завршува во гимназијата “Добри Даскалов“ во генерацијата 2004-2008 година. Истата 2008 година се запишува на Универзитетот “Св. Климент Охридски„  на Факултет за безбедност- Скопје, и завршува во 2012 год.

Од 2012 год започнува како активен член во невладината органиација “Совет за превентива против малолетничка деликвенција“

Во почетокот на 2014 година  се пријавува на Јавниот конкурсот на Министерството за внатрешни работи за пилоти и по 6 месечна селекција започнува со обука на 1ви октомври 2014година  во центарот за пилоти на Република Македонија. Обуката ја завршува во декември 2015 година.

Во јануари 2016 година започнува со активен работен однос како пилот во МВР.

Весна Петреска е прва жена пилот во редовите на Министерството за внатрешни работи во Република Македонија.

# ОД СРЦЕ ЗА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ





ДПТУ Кав – Комерц е регистрирана во 1990 година. Од тогаш па се до денес директор на компанијата е Петар Темов, а компанијата е со седиште на “Западен Булевар“ бр.15 Кавадарци. Компанијата има две дејности , трговија на овошје и зеленчук и меѓународен транспорт.

Компанијата од нејзиното постоење па се до денес е во постојан развој како во зголемување на бројот и обемот на работа така и со зголемување на бројот на вработени. Компанијата поседува 26 влекачи и 26 полуприколки ладилници.  Моменталниот број на вработени е 48.

Од своето работење до денес постојано врши инвестирање и обнова на своите капацитети за потребите на трговијата односно откуп,складирање и продажба на овошје и зеленчук, како и зголемување ,обновување и следење на трендот на набавка на нови транспортни возила се со цел на квалитетно извршување на достава на пратки до клиентите.

Компанијата целосна ориентација има во  зголемување на извозот што  допринесува за зголемување на девизните приливи во државата.

Од 2012/2013 година компанијата  располага  со локална царина и целокупниот извоз се спроведува  во  простории на компанијата.

Во 2018 godina се очекува зголемување на возниот парк, проширување на истиот како и обнова на постарите со нови возила и полуприколки.

Кав Комерц како општествено одговорна компанија на Општина Кавадарци и донираше моторно возило односно комбе кое Општина Кавадарци го предаде на ПС ОН Кавадарци.

# ГРАДСКИ МУАБЕТИ

Еве не со уште неколку реда градски муабети, најчесто инспирирани од кавдаречката чаршичка школа, од обичниот човек, од градските кафеани и кафе барови, пабови итн итн.

Кавадарци отсекогаш важел како убаво и бааѓи пристојно место за живеење,со мали издигнувања и падови во текот на годините, особено по осамостојувањето, но секогаш Кавадарци и ние кавдарчани сме се враќале посилни, и сме продолжувале да ги испишуваме новите страници од кавдаречкото битисување.

30ти јули сме денес, месец и нешто ситно до традиционалната кавдаречка манифестација „Тиквешки Гроздобер“. Програмата тукуречи е комплетирана, а тоа значи дека ќе започнат препукувањата по социјалните мрежи околу тоа дали е направен вистинскиот избор во музичкиот дел, дали е потребен Винскиот Карневал, зошто на плоштадот, зошто скари, зошто воа зошто ноа... И кога, како шо ни кавдарчани викаме, ќе пукне тапанот, кога ќе почнат гроздоберските денови, сите оние кои така бурно реагираа за сите погоре спомнати работи, со свои гости од скоро цела Македонија, ќе си поминат три назаборавни денови. Не викам дека не се правеле утки особено во музичкиот дел, ама и кога на изглед се навестувало дека ќе ги задоволи прибирливите кавдаречки вкусови, пак нешто ќе зафале. А тоа е поради една единствена причина: На човеците не моиш да му угодиш. Кууку и да се трудиш, кууку и средства да трошиш, кој и да го донесиш, пак ќе се најде некој кој ќе биде незадоволен. Така ќе биде и оваа година со сигурност. Ќе има нооогу кои ќе дават свои видувања како треба да изгледа Тиквешкиот Гроздобер (тоа се обично човеци кои никогаш немале никакви допирни точки со организирање на вака обемна манифестација) , амаааа, ногу поеќе ќе ги има тиа кои сами или со своите другари, дечковци, девојки, баби и дедовци, мајки и татковци,пријатели, колеги, школски од цела Македонија ќе си поминат 3 преубави дена у Кавадарци на „Тиквешки Гроздобер“ 2018- “Приказна под отворено небо“ , оваа година на 7,8 и 9 ти септември.

П. С. Спотот за „Тиквешки Гроздобер„ 2018 е готов, јас го изгледав 10тина пати и со секое гледање ми е се поинтересен... Се гледаме на 7,8 и 9 ти септември на добра забава и квалитетно вино. На здравје...

Диме Коцевски

Општинско јавно гласило
**КАВ’ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Сузана Шалева
**Дизајн:** Иновативa Груп
**Печати:** печатница ГРАФО ПРОМ Битола
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
kavadarci.gov.mk